ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Кисела Вода

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (637) за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**

- нетранспарентност во постапката и критериуми за ангажирање на лицата за вршење на јавни работи и неоснована исплата на средства по основ на авторски договори;
- реконструирање и санирање на локалните улици и патишта без подготвена проектна документација и издадено одобрение за градба;
- неправилности во спроведувањето на јавните набавки.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (637) за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

- пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на договор на дело и ангажирање на лица за вршење на јавни работи, утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот;
- планирање и изведба на градбите да се заснова на проектна документација и издадено одобрение за градба;
- подготовка на техничките спецификации согласно проектна документација, утврдување на пропорционални барања согласно предметот на набавката и обезбедување на сите потребни документи при утврдување способност на економските оператори.

**Клучни системски слабости:**
/

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Од страна на поранешниот градоначалник на Општина Кисела Вода добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.16-77/2 од 16.01.2023 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани и не се прифатени од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на констатациите на извештајот.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018